**20192543957**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.238/18), член 7 став (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19 и 244/19), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.235/19) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 декември 2019 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2019 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.158/19, 181/19, 216/19, 221/19 и 237/19) делот I се менува и гласи:

„Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година во вкупен износ од 7.138.767.000 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.238/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.211/19) раздел 140.04 програма 2 потпрограма 20 ставка 464 разни трансфери ќе се користат според следните мерки:

| Број на мерка | Код на мерка | Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства | Вкупен износ на мерктата во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | 1 | Директни плаќања за растително производство | 1,940,000,000 |
| 2 | 2 | Директни плаќања за сточарско производство | 1,000 |
| Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството) | | | |
| 3 | 3 | Помош во премии и осигурување | 70,000,000 |
| 4 | 4 | Помош за заштита на земјоделско земјиште | 1,000 |
| 5 | 5 | Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство | 1,000 |
| 6 | 6 | Помош во сточарскиот сектор | 12,000,000 |
| 7 | 7 | Финансиска поддршка за складирање на пченица од домашно производство од род 2019 година | 1,000 |
| 8 | 8 | Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација | 145,000,000 |
| 9 | 8-а | Дополнителна помош за предадено-неплатено виско грозје во период од 15 август 2014 година до 15 ноември 2016 година | 92,000,000 |
| 10 | 9 | Материјални трошоци за спроведување на Програмата | 15,000,000 |
| 11 | 10 | Заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година | 4,864,763,000 |
| | | Вкупно | 7,138,767,000 |

“

II

Во делот II во воведната реченица износот „2.040.000.000“ се заменува со износот „1.940.000.000“.

III

Во делот III во воведната реченица износот „40.001.000“ се заменува со износот „1.000“.

IV

Во делот V износот „1.000.000“ се заменува со износот „1.000“.

V

Во делот VI во ставот 1 износот „10.000.000“ се заменува со износот „1.000“.

VI

Во делот VIII во ставот 1 износот „1.000.000“ се заменува со износот „1.000“.

VII

Во делот IX во ставот 1 износот „200.000.000“ се заменува со износот „145.000.000“.

VIII

Во делот X износот „95.000.000“ се заменува со износот „92.000.000“.

IX

Во делот XII износот „4.694.766.000“ се заменува со износот „4.864.763.000“.

X

Во делот XIII во ставот 3 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „како и физички лица кои не биле корисници на мерка од годишната програмата за финансиска поддршка во земјоделството во периодот од 2014 година до 2016 година која се однесува на одржување на лозови насади или на произведено и предадено винско грозје, а количината на винското грозје откупено од тоа физичко лице а не исплатено од страна на регистриран откупувач не изнесува повеќе од 30.000 килограми вкупно за периодот од 15 август 2014 година до 15 ноември 2016 година.“

XI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9929/1
10 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.